12 јануари 2023

Follow @MKDmk Like 122K





- Македонија
- Спорт
- Свет
- Забава
- Култура
- Кујна
- Фото
- 65НОВИ / 24h
- Контакт

- Црна хроника
- Колумни
- Автомобилизам
- Видео








По вербалниот напад на директорот на топлана Скопје Север врз новинарка на МКД.мк

# ЗНМ: Директорот Рамадани да поднесе оставка по навредите кон Додевска

Наместо одговор на легитимно поставено новинарско прашање за работата на топланата Скопје Север, директорот Куштрим Рамадани упати груби навреди и омаловажувања кон новинарката Катерина Додевска од МКД.мк. Ваквиот однос претставува притисок на слободата на информирањето на јавноста и загрозување на јавниот интерес. пишува во дел од соопштението на Здружението на новинари на Македонија. Затоа од ЗНМ побараа оставка од директорот Рамадани.



„ЗНМ алармира дека ваков однос кон новинарите и медиумските работници од страна на одговорни лица е недозволив и непримерен. Лична пресметка со новинарите или медиумските работници во ниту еден случај не може да биде оправдана и затоа овој однос може да води кон самоцензура. Ваквиот однос претставува и притисок на слободата на информирањето на јавноста и загрозување на јавниот интерес“, пишува во реакцијата на ЗНМ.

Од ЗНМ посочоуваат дека директорот Рамадани исто така, „според разговорот објавен на мкд.мк, се заканува со тужба на новинарката Катерина Додевска без никаква основана причина што дополнително говори за нискиот капацитет за професионална комуникација“.

Од здружението информираа дека стојат на располагање на новинарката Додевска за бесплатна правна помош и за застапување на суд во врска со овој случај.

MKD.mk
Like Page 122K likes
Recommend 4 Tweet

